ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.lazoangelovski.edu.mk

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ

Бр. 01-3872/2
16.09.2025
Општина Аеродром-Скопје

Врз основа на Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25 и 74/25 и 250/25 и 111/26) Наставничкиот совет на ООУ "Лазо Ангеловски"- Скопје го усвои следниот :

Интерен правилник за пофалби и награди

I Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците на ООУ, Лазо Ангеловски"- Аеродром, Скопје како и начинот на нивното изрекување.

II Пофалби и награди

Член 2

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивните особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите успеси во воспитно-образовната дејност.

Член 3

Пофалби и награди се доделуваат на ученик-индивидуално, група на ученици, ученичка секција, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година.

Член 4

Ученикот се пофалува и наградува за комбинација на две или повеќе од наведените критериуми:

-залагање и напредување во наставата

-залагање и постигнат успех во слободните ученички активности

- натпревари (училишни, градски, државни и сл., литературни, ликовни и други наградни конкурси во училиштето и надвор од него, изложби, лични трудови и сл.)

-примерно и позитивно однесување (развивање другарство, меѓусебно почитување, помагање на другите ученици)

-учество и придонес во разновидни активности во училиштето и надвор од него (учество во активности од произведен, хуманитарен и културен натпревар)

Пофалби и награди се доделуваат и на:

-паралелка која особено се истакнува со примерно поведение и со постигнат успех, како и со редовноста на извршувањето на училишните обврски

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

-група на ученици, секција или екипа која постигнува најдобри резултати во одредена активност организирана во училиштето или надвор од него, како и постигнување на особени резултати на натпревари во училиштето и надвор од него.

Член 5

Предлог за пофалби и награди дава одделенскиот наставник или училишна комисија, а одлука донесува Одделенскиот или Наставничкиот совет на училиштето.

Член 6

Пофалбите се доделуваат усно и писмено.

Писмените пофалби се даваат во вид на: дипломи, пофалници и благодарници.

Наградите се даваат во вид на одредени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книги, билети за театарска и кино претстава или други културно уметнички или спортски претстави, платен престој за организирано летување или зимување, екскурзии, претплата за детски списанија, училишен прибор и друго).

Член 7

Доделување на пофалбите и наградите ќе се врши на свечен начин, пред учениците од паралелката, односно пред учениците во училиштето.

Во одредени прилики, кога ќе одлучи Наставничкиот совет се покануваат и родителите на пофалените или наградените ученици. Списокот на пофалени или наградени ученици се истакнува на видни места училиштето како и на веб страната на училиштето.

Член 8

За пофалбите и наградите во училиштето се води евиденција во училиштето и тоа: во матична книга, е-дневник, записници од состаноци на одделенски и наставнички совет.

Член 9

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво.

За освоено прво место на натпревар на државно ниво на ученикот/учениците и неговиот наставник им се доделува парична награда, чија висина ја утврдува министерот согласно член 44 став 9 и 10 од Законот за основно образование.

Директор
М-р Магдалена Петреска